# ПРАВИЛА И ПРОПОЗИЦИИ ЗА СЕЗОНАТА 2025/2026 ГОДИНА – АНЕКС

***Пропозиции за лига натпревари***

- Супер лигата во сезоната 2025/26 ќе ја сочинуваат 10 клубови. Првопласираните четири екипи преку плеј оф ќе се борат за шампионска титула. Екипите на 1 и 4 место, односно 2 и 3 место ќе ги формираат полуфиналните двојки. Победниците на полуфиналето се пласираат во финалето и се борат за шампионската титула. Се игра до два добиени натпревари. Доколку една екипа во регуларниот дел од сезоната победила во двата натпревари во плеф офот стартува со предност од 1:0. Доколку во регуларната сезона двете екипи имаат ист меѓусебен скор (по една победа), во плеј-офот започнуваат со резултат 0:0 со што домаќин на првиот и евентулно третиот натпревар ќе биде екипата која е подобро пласирана на табелата на крајот од регуларниот дел од сезоната. Доколку се започнува со резултат 1:0, домаќин на првиот натпревар е екипата која стартува со резултат 0:1.
- Од лигата испаѓаат 9 и 10 пласираната екипа, додека 7 и 8 пласираната екипа преку бараж натпревар ќе се бори за опстанок во Супер лигата.
- Доколку првенството од кои било причини биде прекинато, шампион ќе се прогласи само во случај доколку е започнат финалниот натпревар во плеј офот.
- Ако првенството биде прекинато со помалку од 50% одиграни натпревари истото се прогласува за неважечко, нема да има испаѓање од лигите и пласман во повисока лига. Доколку се одиграат 50% или повеќе од натпреварите од Супер лига испаѓаат последните две екипи според ситуацијата на табелата во моментот на прекинување на првенството. Од Прва лига во Супер лига ќе се пласираат двете првопласирани екипи според пласманот на табелата во моментот на прекинување на првенството.
- Првата лига во сезоната 2025/26 ќе ја сочинуваат 10 клубови. Првопласираната и второпласираната екипа обезбедува пласман во Супер лигата, додека третопласираната и четвртопласираната екипа преку бараж натпревар ќе се борат за пласман во Супер лигата, при што третопласираната ќе игра против осмопласираната од Супер лига, а четвртопласираната ќе игра против седмопласираната од Супер лига.
- Од Првата лига испаѓа 10 пласираната екипа додека 9 пласираната екипа ќе игра бараж натпревар за опстанок со второпласираната екипа од Втората лига.
- Втората лига во сезоната 2025/26 ќе ја сочинуваат 9 клубови. Првопласираната екипа обезбедува пласман во Првата лига, додека второпласираната екипа преку бараж натпревар ќе игра за пласман во Првата лига против 9 пласираната екипа од Првата лига.
- Во првата лига за сениорки шампионската титула ја освојува екипата која е најдобро пласирана во регуларниот дел од првенството.
- Во јуниорските лиги шампионските титули ќе ги освојат екипите кои се најдобро пласирани во регуларниот дел на првенството.
- Во случај две или повеќе екипи да имаат ист број бодови во сите лиги важи правилото дека повисок пласман обезбедуваат екипите кои се поуспешни во нивните меѓусебни натпревари.
- Сите лиги ќе се играат турнирски, со исклучок на Втората лига и на Првата лига за сениорки. Втората лига и Првата лига за сениорки ќе се играат по принцип домаќин – гостин, со претходно одреден распоред и со строго почитување на термините од календарот, а со цел максимално да се намалат трошоците на екипите.
- Доколку клуб кој има пријавено две екипи, истите имаат право да играат во иста лига а согласно со нивниот пласман од претходната натпреварувачка сезона.

- Жребувањето на екипите од сите лиги ќе се врши по извршена уплата на котизацијата од страна на клубовите. Уплатата на котизација за натпреварувачка сезона 2025/26 треба да се изврши најдоцна до 6 октомври 2025 година после што ќе се врши жреб.
- Со регуларноста на натпреварите од лигите раководи комесарот на лигите во прв степен и натпреварувачка комисија во втор степен.

***Правила за двојна регистрација на играчи***

- Во натпреварувачката сезона секоја екипа во Супер лига и во Прва лига има обврска да регистрира играч до 21 година. Секој клуб има право да регистрира најмногу двајца играчи со двојна регистрација.
- Играчот до 21 година кој е регистриран за една екипа на почетокот на сезоната, без разлика дали тоа е за матичната екипа или настапува со двојна регистрација, без разлика на возраста има право да ја заврши натпреварувачката сезона, иако во наредната календарска година според возраста преминува во категорија на сениори (постар е од возраста за У21 категоријата).
- Играч со двојна регистрација нема право да игра во рамките на лига натпреварите во Супер и Прва лига во истата полусезона од првенството, односно има право да игра само за една екипа од Супер лига односно Прва лига.
- Играч со двојна регистрација чиј матичен клуб се натпреварува во Втора лига, има право да се натпреварува во лига првенството за еден клуб од Супер лига или за еден клуб од Прва лига и да се натпреварува во рамките на лига првенството од Втора лига за својот матичен клуб.
- Исто така право на двојна регистрација има и играч чиј што матичен клуб не учествува во лига првенството во сениорска конкуренција или истиот е регистриран за екипа која се натпреварува во младинска категорија на натпреварување.
- Екипите од Супер и Прва лига имаат обврска на 11 натпревари (60% од вкупниот број на натпревари) од регуларниот дел на првенството во својата прва постава на позиција A, B или C, односно X, Y или Z да пријават играч до 21 година. Услов за да се смета дека екипата настапила со играч до 21 година е играчот да поседува македонско државјанство.
- Екипата која нема да ја исполни квотата за одиграни натпревари на играч до 21 година во текот на лига натпреварите во една сезона по автоматизам ќе биде префрлена во понизок ранг на натпреварување, во моментот кога веќе нема да биде возможно да ја исполни квотата.
- На екипа која за време до почетокот на првенството нема да регистрира играч до 21 година нема да и биде дозволено учество во натпреварите од Супер и Прва лига и ќе се натпреварува во Втората лига.
- Играч од странство нема право на двојна регистрација.
- Во плеј оф и бараж натпреварите екипите немаат обврска да пријават играч до 21 година.
- Во Првата лига за сениорки дозволено е учество на играчи со двојна регистрација, при што една натпреварувачка нема право да настапува за две екипи во лигата за сениорки.
- Во машка конкуренција клубот ќе може да регистрира само еден женски играч кој во претходната година завршил меѓу првите 16 играчи на било која ранг листа на ППФМ.

***Правила за добивање право на организација на државни првенства, јуниорски лиги и мастерс турнири***

- Сите државни првенства, мастерс турнири и изборни турнири ќе се одржуваат во сала која има трибина.
- Клубовите кои се заинтересирани за организација на државни првенства своите пријави ги доставуваат на е маил technical.secretary.mtta@gmail.com
- Секој клуб има право да се пријави за организација на едно државно првенство во поединечна конкуренција. Државното првенство во сениорска конкуренција го организира ППФМ.
- Телеком Мастерсите кои ќе се играат во еден викенд (сабота и недела) може да ги организира еден ист организатор.
- При доделување на организација на клубови кои досега организирале ваков тип на натпреварувања ППФМ ќе се води врз база на организацијата која ја постигнале во минатото.
- Во случај на недоволно пријавени организатори ќе се активираат договорите за клубовите кои потпишаа договори за организација на натпревари од националниот систем на натпревари на основ на доделена маса на користење.
- Организаторите на овие натпреварувања ќе добијат договор кој ги пропишува подетално правилата и обврските кон кои треба да се придржува организаторот.